СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за начинот на пресметување и исплата на дивидендата на приоритените акции на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година

Скопје, Јуни 2021 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 29.06.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за начинот на пресметување и исплата на дивидендата на приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ќе изврши исплата на дивиденда на приоритетните акции за 2020 година во вкупен износ од МКД 1,364,664.00 или бруто износ од МКД 6.00 по акција.

2. Основицата за пресметка на дивидендата изнесува МКД 90,977,600.00 денари (227.444 приоритетни акции по номинална вредност од МКД 400.00 по акција).

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е 15.07.2021 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 13.07.2021 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 14.07.2021 година.

6. Дивидендата ќе се исплати во вид на еднократно плаќање најдоцна во рок од 30 дена од датумот на кој Собранието на акционери на СБ ќе ја усвои Одлуката за распоредување на добивката согласно Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година.

7. Рок за известување на акционерите кои имаат право на дивиденда за 2020 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. 427
29.06.2021
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

Наташа Трпеноска Тренчевска

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлуката за издавање на акции во втора емисија С.О. бр. 32/20.06.1991, Одлуката за издавање на акции во четврта емисија С.О. бр. 102/30.05.1996 година и Статутот на СБ, пречистен текст од Март 2020 година, а во согласност со одредбите на член 487 од Законот за трговските друштва (ЗТД), Стопанска банак АД – Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2020 година.

Со оваа Одлука се утврдува и начинот на пресметка, основицата за пресметување и начинот на исплата на дивидендата на имателите на приоритетни акции.

Согласно понапред цитираните Одлуки за издавање на акции, дивидендата по приоритетни акции се утврдува во висина на каматата на средствата (штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ. Од март 2006 година, наведената каматна стапка се утврдува на 1 процентен поен. Истиот начин на пресметка на дивидендата беше применет и во текот на 2020 година.

Основица за пресметката на дивидендата е износот од МКД 90,977,600.00 денари, односно 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400.00 денари по акција.

Дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на данок на задршка во согласност со Законот за данокот на личен доход, и Законт за данокот на добивка.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе оваа Одлука како што е презентирано.

Скопје, Мај 2021 година